Подготвил:
**Александар КЕЛТАНОСКИ**

## НОВ МОБИЛЕН ОД "GIORGIO ARMANI"




Откако "Dolce & Gabbana" го лансираа Razr, и "Prada" - LG Chocolate, "Armani" го промовира стилизираниот Samsung touch screen мобилен телефон. Овој телефон ќе биде пуштен во продажба во ноември, а надвор од Европа мобилниот телефон ќе пристигне на почетокот на 2008 година. Предвидената цена на мобилниот е 650 евра. Покрај модната колекција, "Armani" е присутен на пазарот и со своите ресторани и кафе барови, а нуди и сервиси за внатрешно уредување, чоколатца со знакот на "Armani", цвеќиња, а наскоро се очекува да го отвори и својот прв хотел во Dubai. Во соработка со "Samsung", модната куќа наскоро ќе го лансира и првиот LCD телевизор со името на "Armani", чија промоција се очекува да биде на почетокот на 2008 година, а ќе биде составен дел од брендот "Armani/ Casa".

## НАЈМАЛА КАМЕРА НА СВЕТОТ




Производот по име Micro Camcorder всушност е дигитална камера со големина на просечно пакетче гуми за џвакање. Со оглед на минијатурноста на уредот, не би очекувале некои импресивни технички можности. Micro Camcorder има способност за снимање во 3.gp формат и тоа со 15 рамки во секунда, што и не е некој квалитет на видеозапис. Сите снимени материјали се складираат на microSD мемориска картичка, а вградената батерија, која се полни преку стандарден USB приклучок, овозможува околу 2 часа снимање. Оваа минијатурна камера може да се набави по цена од 295 долари.

